РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Бр. 21-10041/1
23.02 2026 год
КРИВА ПАЛАНКА

Врз основа на член 14 став 1 точка 40 и точка 41 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка бр. 08/2010, 08/2014, 02/2018, 03/2019, 08/21, 01/23, 05/23, 14/23, 05/24 и 09/24) и Законот за здруженија и фондации („Службен весник на РМ" бр.52/10, 135/11, 55/16 и „Службен весник на РСМ" 239/22), а согласно со Одлуката за усвојување на ЛОД Методологијата за распределба на јавни средства на ГО („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.14/21) година на Советот на Општина Крива Паланка и Програмата на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2026 година бр.09-6047/27 од 09.12.2025 година („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр.13/25), Општина Крива Паланка, на ден 23.02.2026 година објавува:

# ЈАВЕН ПОВИК

*за поднесување на пријави за финансиска поддршка за користење на средства од буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година наменети за проектни активности на здруженија и фондации со седиште во Општина Крива Паланка*

Финасиските средства предвидени со Програмата на Општина Крива Паланка од областа на соработка со здруженија на граѓани и фондации за 2026 година бр.09-6047/27 од 09.12.2025 година, ќе се доделуваат на здруженија и фондации за акциски грантови од областа на:

- заштитата на животната средина
- локалниот економски развој.

Финансиските средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година, а кои ќе се користат за финасирање на проекти/проектни активности на здруженија и фондации, согласно со Програмата за поддршка на здруженија и фондации за 2026 година - Трансфер до НВО од Буџетот на Општина Крива Паланка, се во вкупен износ од 300.000,оо (триста илјади) денари. Буџетите за предлог проектите/проектните активности со кои ќе се аплицира на овој јавен повик треба да изнесуваат најмалку 40.000,оо (четириесет илјади) денари, а најмногу 80.000,оо (осумдесет илјади) денари по проект/проектна активност.

I <u>Право на учество на Јавниот повик</u> за финансиска поддршка за користење на средства од буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година наменети за проектни активности на здруженија на граѓани и фондации со седиште во Општина Крива Паланка имаат само и единствено здруженија и фондации, кои се основани и се со седиште на територијата на Општина Крива Паланка, со исклучок на спортските клубови и културно-уметничките здруженија и клубови, кои добиле финасиска подршка од Општината за своите програмски и

проектни активности и нивните проекти се дел од годишните оперативни програми на општината за култура и спорт за 2026 година,

II Основни критериуми за учество на Јавниот повик

- апликантите треба да се регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации и тоа најдоцна до 31.12.2025 година со седиште на територијата на Општина Крива Паланка;

- остварувањето на програмските активности, како и дејствувањето на субјектот – корисникот треба да се во согласност со Уставот и законските и подзаконските акти кои важат во Република Северна Македонија;

- апликантите треба да имаат поднесено уреден и навремен Извештај за реализација на проект/проектна активност (наративен и финансиски) со средства од Буџетот на Општина Крива Паланка за последните три години, доколку користеле средства од јавен повик за финансиска поддршка од буџетот и да немаат други заостанати обврски кон Општина Крива Паланка;

- да не добиле средства или да немаат поднесено пријава за добивање на финансиски средства од друг орган на државната управа или од други извори на финансирање за истата намена и активности, за кои поднесуваат пријава, согласно со овој јавен повик, што би значело двојно финансирање на исти проекти/активности;

III Посебни критериуми за учество на Јавниот повик

- Проектите/проектните активности треба да кореспондираат со стратешките и развојните документи на Општина Крива Паланка и да бидат родово сензитивни. Сите Програми за 2026 година се достапни на општинската веб страна на следниот линк: https://www.krivapalanka.gov.mk/programski-dokumenti

- Проектите/проектните активности треба да бидат согласно наведените приоритети во Јавниот повик, да се суштинско значење за подигнување на квалитетот на живеење на граѓаните во локалната заедница во соодветната област и средства да се предвидени исклучиво за намената, определена во предлог проектот/проектната активност;

- Проектите/проектните активности треба да бидат спроведени исклучиво на територијата на Општина Крива Паланка;

IV. Временска рамка

Периодот, предвиден за реализација на предлог проектите/проектните активности ќе изнесува најмногу 7 (седум) месеци, сметано од денот на потпишувањето на Договорот за доделување на финансиските средства.


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

V. Подобни трошоци

Финансиската поддршка може да покрива хонорари и надоместоци за членови на проектниот тим, во висина од најмногу 20% од вкупната вредност на добиениот грант. Финансиската поддршка покрива директни трошоци поврзани со реализацијата на проектите/проектните активности и тоа во висина од најмалку 60% од вкупната вредност на добиениот грант. Административни трошоци за реализација на проектот (канцелариски материјал, режиски трошоци, банкарски провизии и слично) не треба да надминат 10% од вкупната вредност на проектот, исто како и патните трошоци за потребите на проектниот тим.

***Појаснување:*** *Трошоците за ангажирање на консултанти, модератори, експерти и друго, влегуваат во директни трошоци поврзани со реализацијата на проектите/проектните активности. Финансиската поддршка покрива индиректни трошоци, неопходни за реализација на проектите/проектните активности (режиски трошоци, трошоци за канцелариски материјал и слично) и тоа во висина од најмногу 10% од вкупната вредност на добиениот грант. Во висина од најмногу 10% од вкупната вредност на проектот се дозволени и патни трошоци, но истите треба да се наменети стриктно за потребите на предвидените проектни активности и да се поврзани со директните трошоци на проектот.*

VI. Трошоци кои не ги покрива финансиската поддршка

Со средствата добиени од Буџетот на општината за 2026година, врз основа на грантот за финансирање на проектот не може да бидат покриени:

-трошоци финансирани од друг проект, односно од друг донатор или финасирање на проекти чие спроведување е во тек или веќе се завршени;

- активности кои креираат профит или заработка за апликантот;

- загуба при размена на валути, загуба или непредвидени расходи на апликантот или други јавни давачки;

- давање кредити или подгрантови на трети лица;

- финасирање на активности на политички партии;

- покривање на банкарски провизии за одржување на сметката и заостанат долг кон банката за претходни активности;

- плати/хонорари на лица вработени во јавна администрација;

- исплаќање на заостанати долгови кон трети лица и субјекти;

- набавка на алкохолни пијалоци и наркотични супстанци;


+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

VIII. Начин на аплицирање и потребна документација во прилог на апликацијата Здруженијата на граѓани и фондации потребно е да ги поднесат нивните апликации преку користење на формуларот за аплицирање објавен заедно со повикот, кој ги содржи следните документи:

1. Образец Предлог-проект, потпишан и заверен со печат од овластено службено лице на организацијата и штембил со соодветен деловоден број.

2. Образец за буџет;

3. Формулар со административни податоци,

4. Формулар со финансиски податоци,

5. Изјава за двојно финансирање,

6. Изјава за подобност,

Сите горенаведени документи се достапни на веб страната на Општина Крива Паланка. Истите треба да бидат пополнети исклучиво електронски на македонски јазик со кирилично писмо и печатни букви, потпишани од овластениот застапник и заверени со печат и шембил на организацијата – апликант. *Апликациите пополнети на рака нема да бидат земени во предвид.*

4. Задолжителни прилози:

• Фотокопија од Тековна состојба, издадена од Централниот регистар на Република Северна Македонија, која не треба да биде постара од 6 (шест) месеци;

• Фотокопија од Статутот на здружението/фондацијата;

• Годишна програма на активности на здружението/фондацијата за 2026 година;

• Извештај за реализирани активности, предвидени според Програмата на здружението/ фондацијата за 2025 година;

**Напомена:**

*1. Нема да се финансираат проекти/проектни активности на здруженија, кои не поднеле финансиски и наративен извештај за реализација на проекти аплицирани на јавен повик за финансиска поддршка на здруженија и фондации за последните три години, како и здруженија на граѓани и фондации, чии финансиски извештаи не биле во целост одобрени од страна на Комисијата за евалуација на истите.*

*2. Здруженијата/фондациите не можат да учествуваат на Јавниот повик со повеќе од една пријава. Доколку, две или повеќе здруженија/фондации учествуваат на Јавниот повик со една заедничка пријава, тогаш немаат право да учествуваат со поединечни пријави.*



+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

## IX. Критериуми за оценување и избор

Предложените активности треба да бидат во согласност со овој повик. Предлозите ќе се оценуваат од страна на Комисија за оценување на доставени пријави за финансиска поддршка за користење на средства од буџетот на Општина Крива Паланка за 2026 година, наменети за проектни активности на здруженија и фондации со седиште во Општина Крива Паланка, составена од 3 (три) членови и која ќе биде формирана за целите на оваа активност врз основа на посебно Решение на Градоначалникот на Општина Крива Паланка. Оценувањето и селекцијата ќе се изврши врз основа на утврдена Методологија и воспоставените критериуми за избор, кои се дел од овој јавен повик.

Изборот на здруженијата/фондациите на кои ќе им биде доделена финансиска поддршка ќе се одвива во две фази и тоа:

- **Прва фаза - фаза на административна проверка и**
- **Втора фаза - фаза на техничка и финансиска евалуација.**

*Оценување на предлог проектите/проектните активности во првата фаза*

Сите пријави кои ќе бидат поднесени во предвидениот рок на пропишаните образци и ќе ги содржат сите потребни податоци и бараните документи во прилог ќе бидат позитивно оценети во првата фаза - фазата на административна проверка.

*Оценување на предлог проектите/проектните активности во втората фаза*

Предлог проектите/проектните активности на здруженијата и фондациите, кои ја поминале првата фаза - фазата на административна проверка, поминуваат во втората фаза - фазата на техничка и финансиска евалуација, каде проценката ќе се врши врз основа на посебни критериуми дадени во следнава табела за бодување:

*Посебни проектни критериуми*

1. Организациски капацитет (профил, капацитет, релевантно искуство) Максимален број на бодови 10

2. Релевантност на проектната активност со програмските цели на Општината 15

3. Опис на акцијата (цели, резултати, активности,пристап) 30

4. Ефекти во локалната заедница (влијание врз 30 целните групи и корисниците, оддржливост)

5. Буџет (соодветно изразени активности во Буџетот трошоците и оправданост на 15

Вкупно бодови: 100

***Напомена:*** *Во точка 1 бодувањето се врши на следниот начин: високо - 10 бодови, средно - 5 бодови и ниско - 2 бодови; Во точка 2 бодувањето се врши на следниот начин: високо - 15 бодови, средно - 7 бодови и ниско - 3 бодови; Во точка 3 и 4 бодувањето се врши на следниот начин: многу силни - 30 бодови, силни - 20 бодови, средни - 10 бодови и слаби - 5 бодови; Во точка 5 бодувањето се врши по проценка на членовите на Комисијата за оценување;*



☎ +389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

**ВАЖНО:** За да биде квалификувана за добивање на финасиска поддршка, проектната апликација мора да освои најмалку 50 бодови.

**Напомена:** Усогласување (кларификација) на предложениот буџет ќе претходи на фазата на потпишување на договори со избраните предлог проекти/проектни активности за доделување на финансиска поддршка.

*Селекција и избор на апликации за добивање на финансиска поддршка*

• Сите учесници на јавниот повик ќе бидат известени за резултатите најдоцна 15 (петнаесет) дена по истекот на крајниот рок за доставување на пријавите.

• По известувањето за резултатите од Јавниот повик за финасиска поддршка на здруженија и фондации за 2026 година, кое што ќе биде исклучиво во писмена форма, незадоволните учесници имаат право на приговор во рок од 5 (пет) дена од денот на добивањето на известувањето, во кој рок не влегува денот на добивањето на известувањето.

• По поднесениот приговор одлучува Комисијата за оценување на поднесените пријави, во рок од 3 (три) дена од денот на добивањето на приговорот.

• Одлуката по поднесениот приговор, донесена од страна на Комисијата е конечна.

• Евалуацијата и анализата на наративните и финасиските извештаите за реализација на проектите/проектните активности и наменското трошење на доделените средства, ќе ја врши Комисија од 3 (три) члена, формирана со посебно Решение од страна на Градоначалникот на Општина Крива Паланка.

IX. Начин и рокови за доставување на пријавите

1. Пријавата со целокупната проектна документација треба да биде доставена во затворен коверт, непосредно во архивата на Општина Крива Паланка или по пошта на следната адреса:

*ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА*

*Ул.Св.Јоаким Осоговски бр.175*

*1330 Крива Паланка*

Крајниот рок за поднесување на пријавите е 23.03.2026 година, најдоцна до 15.30 часот.

2. Пријавата треба да биде компјутерски уредно пополнета, со кириличен фонт, со печатни букви, со сите потребни податоци и со наведените документи во листата.

3. На ковертот во горниот лев агол треба да стои „*Не отварај*", а во долниот десен агол да стои назнака „*За Јавен повик за финасиска поддршка на здруженија и фондации за 2026 година*".


+389 (0) 31 375 035 ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка

4. За целосно пополнета апликација ќе се смета онаа апликација која го вклучува целосно пополнетиот формулар, заедно со сите дополнителни документи.

5. Пријавите со непотполна документација веднаш ќе бидат одбиени, а пријавите пристигнати по истекот на предвидениот рок, нема да се разгледуваат, со тоа што доставените прилози нема да бидат вратени на апликантот.

За дополнителни информации кои се однесуваат на пополнувањето на предлог апликациите, заинтересираните апликанти може да се пријават, лично, во Одделението за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија при Општина Крива Паланка, како и на следниот e-mail: antonio.davitkovski@krivapalanka.gov.mk или на тел.031-375-035, најдоцна 7 (седум) дена пред истекот на крајниот рок за поднесување на апликациите, по кое ќе биде одржан инфо ден со заинтересираните апликанти, на кој ќе бидат појаснети пропозициите за аплицирање, како и одговори на сите поставени прашања од заинтересираните апликанти.

XI. Дополнителни појаснувања

• Финансиската поддршка (грантот) ќе се трансферира на банкарската сметка на организацијата носител на проектот/проектната активност, а предложениот буџет не смее да го надмине максималниот дозволен износ.

• Организацијата - носител на проектот/проектната активност ќе биде единствено одговорна за реализацијата на активностите и плаќањата во согласност со буџетот на проектот.

• За здруженијата кои ќе бидат избрани, ќе биде организирана информативна средба за појаснување на правата и обврските што произлегуваат од доделувањето на финансиската поддршка и за појаснувања и одговори на прашања од интерес на апликантите.

ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Градоначалник
Сашко Митовски



+389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка